Примено: 22.07.2021
Орг. един. | Број | Прилог | Вредн.
01 | 108 | — | —
Бр. 08-207/9
21.07.2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 16 седница одржана на 28.04.2021 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Бизнис администрација", прв циклус на стручни студии (180 ЕКТС), на Приватна високоообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро колеџ" Куманово

1. Се акредитира студиската програма „Бизнис администрација", прв циклус на стручни студии (180 ЕКТС), на Приватна високоообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро колеџ" Куманово , согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран економист по бизнис администрација/во меѓународен промет академски студии назив: Bachaelor of business administration

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 505 Организациони науки
Научно – истражувачка област: 50603 Бизнис менаџмент

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 90 студенти .

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената одлука бр. 08- 87/2 од 23.05.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „ Бизнис администрација“, прв циклус на студии студии (180 ЕКТС), на Приватна високоообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро колец“ Куманово, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 207/1 од 04.11.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 9-та седницата одржана на 30.11.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 207/6 од 21.05.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 16-та седница одржана на 28.04.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски